ISSN 1857-7 44X

# ПРЕСИНГ

ГОД IX/БР. 53/05.2021 СПИСАНИЕ НА КОМОРАТА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ




25 години
KNAUF
МАКЕДОНИЈА
Арена "Тоше Проески"
"КБ"
Македонска Филхармонија
Хотел "Ибис"
"Т" Mobile
Хотел "Мериот"
"Соравија Центар"
Гради подобро,
за посветла иднина!
JUST BE CA USE.



## ВОВЕДНИК



ПРОФЕСОР Д-Р ЈОСИФ ЈОСИФОВСКИ

Главен и одговорен уредник

# УРБАНИСТИЧКИ РИНГИШПИЛ

Урбанизмот ги обликува градовите на начин кој треба да им обезбеди квалитетен и здрав живот на своите граѓани, задоволувајќи ги нивните животни навики и потреби. Согласно модерните концепти за уредување на просторот, луѓето се во прв план, објектите секогаш се во нивната функција, а не обратно. Јавниот простор е особено значаен во урбанизмот затоа што го дефинира општественото, културолошкото и социјалното битисување во урбаните средини и како таков претставува колективно и универзално право. Брзиот општествен и економски развој во нашата земја доведе до брза урбана и градежна експанзија која не секогаш ги следеше основните урбанистички принципи, а уште помалку потребите на граѓаните. Урбанистите водени од ефикасноста и профитот како да заборавија на хуманистичките аспекти на урбанизмот и потребата за квалитетен јавен простор. Честите промени на плановите и нивното непочитување во еден подолг период доведе до урбанистички хаос од широки размери, а најдобра претстава за ваквото урбанистичко дивеење се случувањата во центарот на Скопје.

Со одлуката на Уставниот суд пред неколку месеци со која се укина мораториумот за градба во Општина Центар, се отвори можност за реализација на некои од најкрупните проекти досега во државата. Целта на мораториумот беше да се ревидираат досегашните лоши практики во урбанистичките планирања преку нивно усогласување со генералните урбанистички планови и планерските стандарди. Иницијативата требаше да ги преиспита деталните планови и притоа ги ограничи експанзионистичките барања на инвеститорите, но за жал, таа не се спроведе докрај. Комисијата за урбанизам која беше назначена да ја изврши оваа ревизија, во своите наоди констатира сериозни прекршувања на Законот за урбанистичко планирање и други нормативи од оваа област, како и дека се работи за особено низок квалитет на планските решенија од технички аспект. За жал, локалната власт е недоволно ангажирана во изнаоѓање на соодветно решение. Наместо тоа, административната одговорност постојано се префрла помеѓу надлежните институции со единствена цел да се затскрие неспособноста и клиентелизмот во нивните редови. Во ваква ситуација одбраната на јавниот интерес е оставен на граѓанскиот активизам кој одден наден сѐ погласно се спротивставува на ваквото урбанистичко силување и бетонска инвазија во центарот на Скопје. Потребата за обнова на централното градско подрачје е реална, но истата мора да се спроведе во согласност со генералните урбанистички планови и стандарди кои ќе гарантираат изградба на урбан и модерен, но пред сѐ, хуман и пристоен простор за живеење каков што доликува за еден главен град. Впрочем, хуманизирајќи го централното градско подрачје на Скопје, ќе се направи подостапно за сите граѓани.

Долгогодишната неажурност на локалните власти и нефункционалноста на инспекциските тела, овозможија неконтролирана изградба на дивоградби. Нивното вклопување без соодветна техничка документација пропишана со Законот за урбанистичко планирање и Законот за градба претставува серозен преседан. Носењето на посебен закон со кој се предлага легализација на бесправно изградените објекти без посебна процедура за испитување на оправданоста, претходно утврдени правила и критериуми, може сериозно да наштети во спроведувањето на постојните урбанистички планови. Самиот факт дека во моментов државата не располага со точна бројка и регистар на дивоградби, јасно говори за популистичкиот пристап на власта при носењето на овој закон. Општ впечаток е дека недостига системско решение во рамките на постојните урбанистички планови и законска регулатива кое ќе се базира на претходно изработени анализи и јасно утврдени критериуми. Од правен аспект, со овој закон се испраќа погрешна порака со која се амнестира повеќедеценискиот криминал, уште повеќе, законот наместо казнени одредби, нуди поволности со дури 50 % попуст за легализиција што ги става во нерамноправна положба сите граѓани кои ги почитувале законите, легално граделе и навремено ги плаќале сите давачки.

Со носењето на Законот за легализација на дивоградбите и спроведувањето на спорните урбанистички планови, сериозно се нарушува јавниот интерес и се легализира самоволието и дивеењето во урбанизмот. Овој урбанистички рингишпил е последица на недостигот на инстутиционален капацитет и политичка волја да се стави крај на бизнис интересите кои со години владеат со урбанизмот, состојба која може да се промени доколку локалните власти извршат ревизија на сите урбанистички планови на начин со кој граѓанинот ќе го добие централното место во процесот на планирање. Би сакал да верувам дека оваа слика за европско Скопје и Македонија е сѐ уште реална и остварлива.

**ПРЕСИНГ, ISSN 1857-744-х**
**Првиот број излезе на**
**1 февруари 2011 година**

**Претседател на Комората**
**Проф. д-р Миле Димитровски**
mile.dimitrovski@komoraoai.mk

**Главен и одговорен уредник**
**Проф. д-р Јосиф Јосифовски**,
jjosifovski@gf.ukim.edu.mk

**Членови на уредувачкиот одбор:**
**М-р Димче Атанасовски**, Генерален секретар на Комората, dimce@komoraoai.mk

**М-р Башким Алили**, член на Собранието на Комората

**Проф. д-р Зоран Марков**, од одделението на машински инженери, zoran.markov@mf.edu.mk

**Д-р Соња Черепналковска**, од одделението на градежни инженери, cerepnalkovska.sonja@isrm.gov.mk

**Проф. д-р Перо Латкоски**, од одделението на инженери по електротехника, pero@feit.ukim.edu.mk

**Даниел Павлески**, од одделението на сообраќајни инженери

**Д-р Дивна Пенчиќ**, од одделението на урбанисти

**Д-р Ванчо Донев**, од одделението за ППЗ и ЗПР

**Д-р Беким Фетаји**, од одделението за животна средина

**Проф. д-р Игор Пешевски**, од одделението за геотехника

**Излегува секој втор месец**

**Графичко уредување**
М-р Елизабета Анѓелова Шурбевски

**Јазичен соработник**
Кире Стојаноски

**Издавач**
Комора на овластени архитекти и овластени инженери на Македонија

**Адреса на редакцијата**
Бул. Партизански одреди бр. 29,
Центар Буњаковец, II кат
Контакт: www.komoraoai.mk

Авторските текстови во Пресинг се ставови на потпишаните автори, а не официјален став на Комората



# СОДРЖИНА

**5** Активности на комората

**20** Економијата во една држава се базира на можностите за изградба и развој на просторот

**26** За мораториумот општина Центар, Скопје (2017 – 2021)

**36** Индустриски отпад (троска) – извор на секундарни суровини (СРМ) за производство на градежни материјали и основа за нов бизнис модел на циркуларна економија за поодржлива урбана градба (ЦЕБМ)

**42** Дигитално лидерство значи одговорност и споделување за развојот на секторот



# ИЗБРАН НОВ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМОРАТА

## Инженерот со големо И

Секојдневието на инженерот е исполнето со безброј предизвици што во континуитет отвораат фронтови за нови можности, постојани докажувања и крупни чекори за напредок. Укажаната доверба на членството претставува огромна чест и задоволство, но и сериозна професионална обврска, во наредните четири години да се предводи Комората на овластени архитекти и овластени инженери. Следува период што ќе биде исполнет со многу работа, големи предизвици, но сигурна сум и со уште поголеми можности за сите нас инженерите и нашата инженерска



**М-Р КРИСТИНКА РАДЕВСКИ, ДИПЛ. ИНЖ. АРХ., НОВ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМОРАТА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ, ЗА МАНДАТНИОТ ПЕРИОД 2021 – 2025**



професија. Заедно со членовите на органите на раководење и со тимови од професионалци кои се залагаат за истите вредности и се подготвени безрезервно да го стават на располагање сопствениот капацитет, ќе го продолжиме патот на развој и етаблирање на Комората, која постои за да ги штити интересите на инженерите и ги претставува нивните размисли за сите инженерски прашања во професионалното работење и во јавноста. Таа е релативно нова професионална институција која низ периодот на своето тринаесетгодишно работење воспоставила стандарди и принципи на работа. Заради одржување на континуитет, добрите практики во работењето ќе продолжат, но и ќе се надградат со нови, современи и напредни. Ќе продолжиме да се залагаме за подобрување на статусот инженер во општеството, но и пошироко, за подобрување на условите за работа, за воспоставување на повисоки стандарди на професијата, за остварување и заштита на правата на инженерите.

---

Колку е побројно и поактивно членството, толку ќе биде посилен гласот на инженерите упатен до надлежните институции за остварување на своите права и позиции

---

Програмата за работа на Комората секогаш мора да ги опфаќа заложбите на инженерите од сите инженерски професии, обединети во оваа единствена, самостојна, професионална и независна организација.

Пред сѐ, тарифникот за инженерски услуги. По овластувањата со кои се регулира правото за работа во инженерските професии, вториот клучен документ за нашата работа е тарифникот за инженерски услуги. Сите ја знаеме важноста на неговото постоење. Колку поскоро го донесеме на сила, толку побргу инженерите ќе го добијат општествениот статус што го заслужуваат. Ова е приоритет и императив за сите нас! Со оглед на тоа што веќе е направена обемна анализа за начинот на формирање на цените на инженерските услуги, сметам дека со максимална посветеност на сите нас, упорна работа и несебична заложба, останува да се изоди уште мал дел од патот до негово усвојување.

Функционирање на сите тела со активно вклучување на членството, од сите региони преку активирање на целокупното членство и враќање на довербата во Комората. Сите сме свесни за сликата за Комората во очите на нашето членство. Колку е побројно и поактивно членството, толку е поголема критичната маса што ќе притиска за остварување на своите права и позиции пред надлежните институции. Дисперзијата и децентрализацијата според мене е вистинската насока во која треба да се движат процесите во Комората, а не во насока на концентрација на сите активности на институцијата на едно место. Членството не е доволно анимирано, а тоа е индикатор дека Комората е слабо релевантен фактор во сферата на општеството заради која во суштина е конституирана. Ние сите мора да направиме максимален напор и да ги искористиме постојните алатки за да се стигне до секој член. Мојата заложба е секогаш при формирање на став на Комората за важни прашања, тоа да се прави преку тие алатки и преку сондирање на мислењето на широкото членство.

Законската регулатива. Прагмата е една од највредните особини на инженерите, а прагматичната, применлива и недвосмислена регулатива е неодминлива во нашето дејствување. Не постои одржлив систем каде што не функционира неговото „свето тројство: регулатива, контрола и санкција". Како кај триножецот, потребни се најмалку три точки на потпирање за одржување на стабилноста. Инженерот најдобро ги чувствува проблемите на своето работење. Тој мора активно да партиципира во процесите за дополнување, усогласување, па ако треба дури и измени на легислативата што ја регулира инженерската работа. Уште поголем акцент треба да се даде на спроведувањето на истата. За таа цел ќе мора да се изнајдат начини за ангажирање на колеги коишто работат во сите сектори: приватен или јавен сектор, без разлика дали се тоа инженери проектанти, ревиденти, надзори, инженери вклучени на градилиштата, колеги вклучени со советодавни позиции или во областа на законодавството.

Меѓународна и регионална соработка. Продлабочување на соработката со националните институции чии дејности се релевантни за инженерското работење, а особено размената на искуства со коморите во регионот и пошироко, инженерски институции

НЕ ПОСТОИ ОДРЖЛИВ СИСТЕМ КАДЕ ШТО НЕ ФУНКЦИОНИРА НЕГОВОТО „СВЕТО ТРОЈСТВО: РЕГУЛАТИВА, КОНТРОЛА И САНКЦИЈА“. КАКО КАЈ ТРИНОЖЕЦОТ, ПОТРЕБНИ СЕ НАЈМАЛКУ ТРИ ТОЧКИ НА ПОТПИРАЊЕ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА СТАБИЛНОСТА



и други струкови организации, ќе придонесе уште повеќе во согледувањето на потребите за идните развојни чекори. Комората мора да биде иницијатор во организација на работилници и тркалезни маси на сите теми каде што отворено ќе се дискутира за проблемите. Таа мора да биде лидер во иницијативите за отворање на широки стручни дебати на сите теми од инженерското работење.

Континуиран развој и едукација на членовите. Во Комората веќе постои практика за организација на настани во насока на континуирано образование и професионален развој. Овој тренд мора да продолжи со уште поинтензивно темпо, особено во насока на воспоставување и практикување на системот за континуиран професионален развој (CPD). Исто така, е неопходно разгледување на потребата од воведување на стручен испит, со цел проверка на потребните квалификации за стручната подготвеност на инженерскиот кадар во тек на неговиот работен век.

> Европските фондови за развој претставуваат место каде што има одлични можности за зголемување на ангажманот на инженерите. Фрлајќи акцент на нивно што поголемо искористување, дава широки можности за сите.

Воведувањето новитети е во основата на инженерскиот дух и истото мора да биде неизоставен дел од работењето на Комората; воведувањето иновации во работата, вклучувајќи ги сите современи технологии и алатки за работа на денешницата; воспоставувањето платформи за брза и лесна комуникација, проток на информации, полесна реализација на нашите проекти, воведувањето повисоки стандарди и норми, воведувањето BIM технологија што ќе го направи нашето членство конкурентно на меѓународниот пазар. Европските фондови за развој претставуваат место каде што има одлични можности за зголемување на ангажманот на инженерите. Фрлајќи акцент на нивно што поголемо искористување, дава широки можности за сите. Покрај новите искуства и сознанија за начинот на кој работат инженерите во европските земји и преку учество во нивните проекти,



**ДОБЛЕСТ Е ДА СЕ НАГРАДИ, А НЕ ДА СЕ КАЗНУВА! ДОБЛЕСТ Е ДА СЕ ПРОСТИ! НИЕ ИНЖЕНЕРИТЕ СМЕ ГРАДИТЕЛИ, НО ВЕ МОЛАМ, ДРАГИ КОЛЕГИ ДА ГРАДИМЕ МОСТОВИ ШТО ЌЕ НÈ ПОВРЗУВААТ, А НЕ ЅИДОВИ ШТО ЌЕ НÈ ДЕЛАТ. ДА НАПРАВИМЕ НАПОР ДЕЛАТА ДА НÈ ЗБЛИЖАТ.**

повеќекратно ќе се зголемат придобивките на секој учесник во секој поглед. На тој начин ќе придонесеме Комората проактивно да учествува во националниот процес за интеграција на општеството во европското. Комората мора постојано да ги проширува своите дејности. Очекувам поддршка на идејата Комората да организира изучување на европските јазици, но и на соседите од регионот, со цел изворно следење на законите во тие држави, а заради вклучување на нивните пазари без јазични бариери.




Практиката секогаш, без исклучок го покажала истото: патот до успехот е само преку тимска работа. Тој пат е секогаш поплочен со големи жртви и откажувања, посветена работа, личен несебичен придонес, чесен пристап не само кон работата, туку и кон колегите, доверба, колегијалност, конструктивност и соработка, транспарентност, лојалност, морал и етика.

Во својот работен век имав прилика преку активен професионален ангажман да учествувам во сите фази на професијата: проектирање, ревизија, изведба, надзор, раководење со големи проекти, работа во бројни тимови со сложена инженерска и стручна структура, како и работа на меѓународни проекти. И практиката секогаш, без исклучок го покажала истото: патот до успехот е само преку тимска работа. Тој пат е секогаш поплочен со големи жртви и откажувања, посветена работа, личен несебичен придонес, чесен пристап не само кон работата, туку и кон колегите, доверба, колегијалност, конструктивност и соработка, транспарентност, лојалност, морал и етика. Доблест е да се критикува, но претпочитам конструктивни предлози, наспроти празни критики! Доблест е да се награди, а не да се казнува! Доблест е да се прости! Ние инженерите сме градители, но ве молам, драги колеги да градиме мостови што ќе нè поврзуваат, а не ѕидови што ќе нè делат. Да направиме напор делата да нè зближат.

**Претседател на Комората М-р Кристинка Радевски, д.и.а.**

ВО ФОКУСОТ НА РАБОТЕЊЕТО НА ОВАА КОМОРА Е И СЕКОГАШ МОРА ДА БИДЕ ИНЖЕНЕРОТ, ИНЖЕНЕРОТ СО ГОЛЕМО И, БЕЗ РАЗЛИКА НА РОДОВАТА И НАЦИОНАЛНАТА ПРИПАДНОСТ, БЕЗ РАЗЛИКА ОД КОЈ РЕГИОН НА НАШАТА МАЛА ДРЖАВА ДОАЃА, БЕЗ РАЗЛИКА НА НЕГОВАТА ПАРТИСКА ОПРЕДЕЛЕНОСТ ИЛИ НЕОПРЕДЕЛЕНОСТ, ЗАТОА ШТО ИНЖЕНЕРОТ КОНЕЧНО МОРА ДА ГО ДОБИЕ МЕСТОТО ДОСТОЈНО НА ТРУДОТ ШТО ГО ВЛОЖУВА, МЕСТОТО ШТО ГО ЗАСЛУЖУВА ВО ОВА ОПШТЕСТВО.

# ОСВРТ НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА КОМОРАТА 2016 – 2020/2021

**Проф. д-р Миле Димитровски, дипл. инж.**

### 2016 ВИЗИЈА

Нашата визија беше позиционирање на Комората на овластени архитекти и овластени инженери како рамноправен и релевантен член на Меѓународната инженерска заедница, активен чинител во развојот на инженерската струка и зајакнување на улогата на инженерите во општеството. Таа визија е реализирана. Во периодот 2017 – 2021 Комората е позиционирана како рамноправен член на Меѓународната инженерска заедница.

## ПОСТОЈАНИ И РОТАЦИОНИ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА КОМОРАТА СО МАНДАТ 10.2019 - 10.2020



1. М. Димитровски стана кординатор на ИИРС (2019 – 2022) Словенија, Хрватска, Црна Гора, Србија, Бугарија, Македонија.

2. М. Димитровски, стана потпретседател на ЕЦЕЦ (2019 – 2022) Австрија, Германија, Чешка, Словачка, Португалија, Шпанија, Кипар, Полска, Украина, Русија, Италија, Британија, Унгарија, Македонија, Србија, Црна Гора, Хрватска, Словенија, Бугарија.

3. Комората стана активен учесник во работата на WFEO (84 држави) во Комитетот за инженерско образование и Комитетот за антикоруптивно инженерство.




**НАДЗОРЕН ОДБОР**

1. **Кристинка Радевски - Претседател**
2. Ратко Станојковски - Заменик претседател
3. Милорад Јовановски - член
4. Зоран Мирчевски - член
5. Дурим Фетаху - заменик член
6. Катарина Манчева - заменик член

**ДИСЦИПЛИНСКА КОМИСИЈА**

1. **Сашо Блажевски, претседател**
2. Христинка Матоска, заменик претседател
3. Влатко Иванов, член
4. Андон Петровски, член
5. Влатко Коробар, заменик член
6. Шабан Алиу, заменник член
7. Игор Никодинов, заменик член

**ВТОРОСТЕПЕНА КОМИСИЈА**

1. **Емил Бундевски, претседател**
2. Љупчо Георгиевски, заменик претседател
3. Сељејдин Бехадини, член
4. Алекса Томовски, член
5. Јакуп Фетаи, заменик член
6. Ванчо Ангелов, заменик член

**УПРАВНИОТ ОДБОР НА КОМОРАТА БРОИ 9 ЧЛЕНА И ГО СОЧИНУВААТ ПЕРМАНЕНТНИ И РОТАЦИОНИ ЧЛЕНОВИ.**

***ПЕРМАНЕНТНИ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР СЕ:***

- ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА КОМОРАТА

- ПОТПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА КОМОРАТА

- РАКОВОДИТЕЛИТЕ НА ПЕТТЕ ПРОФЕСИОНАЛНИ ОДДЕЛЕНИЈА СО НАЈГОЛЕМ БРОЈ МАТИЧНИ ЧЛЕНОВИ.

***РОТАЦИОНИ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР СЕ:***

- ДВА ПРЕТСТАВНИКА ОД СИТЕ ОСТАНАТИ ПОМАЛИ ПРОФЕСИОНАЛНИ ОДДЕЛЕНИЈА, КОИ РОТИРААТ СЕКОЈА ГОДИНА ВО РАМКИТЕ НА ЧЕТИРИГОДИШНИОТ МАНДАТ.

Комората го искористи своето влијание и авторитет и преку соработка со релевантните министерства изврши унапредување и подобрување на Законот за градење, Законот за просторно и урбанистичко планирање и другите подзаконски акти во интерес на архитектите, инженерите и на инженерството во целина.



## 2016 МИСИЈА

### БРЕНД НЕ СЕ СОЗДАВА ПРЕКУ НОЌ, БРЕНД СЕ ГРАДИ И СЕ СОЗДАВА МНОГУ ГОДИНИ

Комората го искористи своето влијание и авторитет и преку соработка со релевантните министерства изврши унапредување и подобрување на Законот за градење, Законот за просторно и урбанистичко планирање и другите подзаконски акти во интерес на архитектите, инженерите и на инженерството во целина. Во периодот 2016 – 2020 мисијата е делумно реализирана, а ќе биде целосно реализирана кога Министерството ќе ги прифати и ќе ги стави во сила нашите предлози.

Соработка со надлежните министерства е остварена: 1. Дадени се предлози во Законот за урбанистичко планирање во 2018 и 2019, Законот е донесен во 2020. 2. Изработен е и доставен е тарифник за урбанистички услуги во 2020, тарифникот е одобрен во 2021. 3. Изработен е и доставен тарифник за инженерски услуги во 2018. 4. Испратени се забелешки и подобрувања на предлог-законот за градење во 2019 и по вторпат во 2021.

**АВТОНОМИЈА 2016** е дефинирана со закон, но тоа треба да се гради на секој чекор, со донесување одлуки и решенија за застапување, усогласување и заштита на интересите на своите членови, стручно и професионално на сите нивоа на кои делува. Во периодот 2016 – 2020/21 одржани се 70 состаноци на УО и притоа: 1. Сите одлуки се донесени автономно




(независно од какво било влијание). 2. Сите одлуки се донесени со консензус на членовите на УО од сите членови како унитарна комора на рамноправни претставници на професионалните одделенија. 3. Ниедна одлука не е донесена со надгласување.

АНАЛИЗА НА ЧЛЕНОВИ ПО ОБЛАСТ И ПО МАТИЧНОСТ, ЗАКЛУЧНО СО 24.11.2020 (БЕЗ СТРАНЦИ)




2021 АПРИЛ - 2020 6РОЈ НА ЧЛЕНОВИ ПО ОДДЕЛЕНИЈА ВО СЕПТЕМВРИ




НАШАТА ВИЗИЈА БЕШЕ ПОЗИЦИОНИРАЊЕ НА КОМОРАТА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ КАКО РАМНОПРАВЕН И РЕЛЕВАНТЕН ЧЛЕН НА МЕЃУНАРОДНАТА ИНЖЕНЕРСКА ЗАЕДНИЦА, АКТИВЕН ЧИНИТЕЛ ВО РАЗВОЈОТ НА ИНЖЕНЕРСКАТА СТРУКА И ЗАЈАКНУВАЊЕ НА УЛОГАТА НА ИНЖЕНЕРИТЕ ВО ОПШТЕСТВОТО. ТАА ВИЗИЈА Е РЕАЛИЗИРАНА.

**Модерна**
комора да се грижи за потребите на своите членови, да ги спеди најдобрите искуства и традиција на етаблираните европски комори, поврзувајќи се со нив и воспоставувајќи ефикасна соработка.

**2017 -2021**
Според програма за обука, вработените во Комората два пати во текот на годината се упатуваат на обука и усовршување на своите знаења (компјутерски вештини, етичко, административно и канцелариско работење, обука за прва помош, ЗПР и ППЗ, организација и одржување ма ЦПД настани... Секоја од обуките е проследена со соодветен Сертификат. Секои шест месеци обука за Team building, еднаш годинмо екстерна проверка на системот според ИСО 9001. Посета и размема на искуства со стручните служби на Комориte во Бугарија и во Словенија. Секој вработен доставува месечен и годишен извештај за својата работа со согледувања за можно унапредување на работата.
Секоја година учество на годишните средби на правниците од Македонија, и други актуелни Собири.

## УНИТАРНА КОМОРА (еднаквост, солидарност)

√ Еднаквост/правда – Комора во која има праведна распределба на приходите и расходите меѓу „големите" и „малите" одделенија, еднакви шанси и можности за сите.

√ Солидарност – Комора со меѓусебна поврзаност, припадност и подготвеност на членовите да се залагаат едни за други и да си помагаат едни на други.

√ Ефикасна комора која ги следеше потребите на своето членство и им овозможи непречено, брзо и навремено остварување на нивните потреби во професијата. Комората обезбеди технички и организациски услови за ефикасна работа на сите професионални одделенија според ИСО 9001 во 2017, ИСО ресертификација 2020 сертификат за општествена одговорност. Комората доби награди и признанија, благодарници... Набавена е и ставена во функција современа аудио и видеоопрема и софтвер за видеоконференции и снимање на предавања за нивно емитување онлајн.

## Подобрување на јавноста во работата – „видливост" – препознатливост на Комората во јавниот живот на државата

Во претходните четири години (2016 – 2021) зголемена е препознатливоста на Комората преку јавни настапи на претседателот и на членовите на Комората во пишувани и електронски медиуми. Објавена е монографија „10 години Комора", отпечатени се брошури за Комората на 4 јазици (македонски, албански, англиски, француски). Најмалку еднаш годишно има јавна средба со актуелниот министер за транспорт и врски (Јанакиески, Сугарески, Бочварски), најмалку две гостувања годишно на национална телевизија за актуелни теми од професијата (МТВ, Сител, Телма), најмалку две гостувања годишно на радио и на ТВ по повод доделување на „Инженерски прстен" заедно со ИМИ и кабинетот на претседателот на државата и доделување на именуваните награди од Комората на годишнината од Комората.

Одржувани се најмалку четири средби со европските колеги од Управниот одбор на ЕЦЕЦ и една средба на Генералното собрание на ЕЦЕЦ (сите 18 членки), најмалку две средби годишно со сите комори од поранешна Југославија



Во овој момент Комората е брендирана и препознатлива со своето лого, дејност и јасни ставови во опкружувањето

(вклучително и Бугарија). Пишувани се најмалку два написи годишно во печатени медиуми („Пресинг“ и „Порта3“), има објави во билтенот на ЕЦЕЦ и на сите сајтови на коморите во опкружувањето. Се печатат најмалку 5 броеви годишно на „Пресинг“ кој се испраќа на 3200 адреси на членовите на Комората, вклучувајќи ги и сите наши деловни партнери.

Во овој момент Комората е брендирана и препознатлива со своето лого, дејност и јасни ставови во опкружувањето, во Европскиот совет на комори и во WFEO (во 2019 година доби „полномошно“ да гласа за сите одлуки на Конгресот и во име на Србија и на Црна Гора), а претседателот на Комората на Светскиот собир прими награда за придонес во работата на WFEO по повод 50 години од основањето.

Меѓународни релации, за четири години Комората ја посетиле:

- Претседателот на РМ, Ѓорѓе Иванов
- Министрите Сугарески, Бочварски, Шапуриќ, Макрадули
- Претседателот на Стопанската комора, Бранко Азески, Антонио Пешевски
- Државниот секретар за образование и наука, Анета Трпевска
- Ректорите на УКИМ и на УКЛО: Никола Јанкуловски и Сашо Коруноски
- Сите декани на инженерските факултети (Архитектонски, Градежен, Машински, ФЕИТ, ФИНКИ, ТФБ)
- Претседатели на комори на архитекти на Бугарија, Словенија
- Претседателот на Светската инженерска организација WFEO, Марван Абделамид
- Претседателите на Европската ECEC Чртомир Ремец и Клаус Туридл
- Претседател на Кинеската инженерска комора Гонг КЕ (сега претседател на WFEO)
- Сите претседатели на коморите членки на ЕЦЕЦ (од 18 европски држави)
- Претседатели на комори на членките на ИИРС (двапати), 6 држави
- Угледни професори: Јан Гел (Данска), Карлос Бребиак (Обединето Кралство), проф. Ханц Брантл (Австрија), Италија, предавачи од Хрватска, Словенија, Бугарија, Грција (Трикала)
- Стела Царцара – координатор на европски проект за признавање на инженерските квалификации во ЕУ (повеќепати)
- Веб-страницата за четири години (од 1.9.2017 до 7.2.2021) има 514 549 посети.

Во меѓународната соработка во странство учествувале:

- Миле Димитровски, Миле Станковски (претседавач на Собранието), Реџеп Асани, Гајур Кадриу, Милорад Јовановски, Раде Лазаревски, Жаклина Ангеловска, Петар Цветановски, Владко Тодоровски, Димче Галовски, Христина Спасовска, Димче Атанасовски, Ангел Ситновски, Огнен Марина...

Во меѓународната соработка во Македонија покрај набројаните, учествувале:

- Тодорка Самарџиоска, Горан Марковски, Сашо Иванов, Сања Раѓеновиќ, Кристина Радевски, Циги Павловска.



Една од најважните задачи на Комората која мора да биде завршена со заедничка работа на нас, членовите на Комората и сите останати чинители во општеството е целосно враќање на угледот на инженерот и неговото место во општеството.

### Дигнитет на инженерската професија преку заложба за создавање упатство за дефинирање на цените на инженерските услуги 2016

Многу често инженерските професии се потценети. Угледот – дигнитетот не е финансиска категорија. Тоа е општо почитување на инженерската професија, предизвик за младите генерации и иднина на државата. За почеток дефинирањето на вредноста на инженерскиот труд може да ја подобри состојбата, па инженерите да се чувствуваат еднакво вредни со другите професии кои ја продаваат нивната услуга.

Една од најважните задачи на Комората која мора да биде завршена со заедничка работа на нас, членовите на Комората и сите останати чинители во општеството е целосно враќање на угледот на инженерот и неговото место во општеството.

(2017 – 2021) Собранието на Комората во 2018 г. го усвои и го проследи на натамошно одобрување тарифникот на инженерските услуги во високоградбата, доставени се четири писмени ургенции (и многу усни) до Министерството за одобрување на тарифникот. До денес (27 февруари 2021) тарифникот не е ставен на дневен ред за одобрување. Тарифникот за урбанистички услуги по предлог на Собранието на Комората е донесен од Владата на 12 јануари 2021.

**Конкурентност преку соодветна интервенција во Законот за јавни набавки и истакнување на вредноста на интелектуалната работа.** Соодветен предлог во Законот за јавни набавки за изземање на интелектуалните услуги од понудите за најниска цена и дефинирање на конкурентноста не само како конкурентност со квантитет (цена), туку и со квалитетот на инженерските услуги ќе даде вистинска можност за конкурентен натпревар. Интензивно се залагаме тие принципи да се применат во најскоро време и во Република Македонија.

### Наградување и стимулирање на квалитетот

**Инженерска извонредност.** Комората продолжи со доделување на годишните награди за инженерски квалитет во четирите „големи

## ЗАЈАКНУВАЊЕ НА РЕГИОНАЛНАТА, ЕВРОПСКАТА И МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА

Комората веќе ужива голема почит во опкружувањето. Затворање во сопствените тековни обврски и состојби би била најлошата форма во која Комората не смее да работи.

Соработката во регионални, европски и други пошироки рамки треба и во иднина постојано да се унапредува.

Комората е една од најактивните во Регионот во својата меѓународна соработка, со учество во регионални проекти и со резултати од тие проекти.

| | |
|---|---|
| ИИРС<br>**Инженерска Иницијатива за Регионална Соработка**<br>М Димитровски, претседавач<br>Избран од членовите на ИИРС, до следен избор на претседавач 2022 | Македонија, Србија, Црнагора, Хрватска, Словенија, Бугарија |
| ECEC<br>**Европски Совет на Инженерски Комори**<br>М. Димитровски, потпретседател<br>Избран на слободни избори на ЕЦЕЦ, до следни избори во ЕЦЕЦ (до ноември 2022) | Австрија, Германија, Чешка, Словачка, Португалија, Шпанија, Кипар, Полска, Украина, Русија Италија, Велика Британија, Унгарија, Македонија, Србија, Црнагора, Хрватска, Словенија, Бугарија |



одделенија“ и плакети и благодарници за придонес во инженерската струка. Комората заедно со ИМИ и Кабинетот на претседателот на државата продолжи со доделување на признанието „Инженерски прстен“ на најдобро дипломираните инженери од инженерските факултети.

**Актив на улога на членовите на Комората во управување на Комората и обезбедување квалитет.** Секој член на Комората има еднакво право да учествува во управувањето со Комората. Тоа право може да го остварува со вклучување во сите управни органи, преку лично пријавување на конкурс (претседател, член, учесник) или со делување преку професионалното одделение во кое членува, така што ќе биде член на одборот на одделението или друга комисија за унапредување на работата на своето професионално одделение или Комората во целина. Само активното учество во управувањето може да создаде силна професионална институција. За таа цел ќе се зајакне интернет комуникацијата, содржините на информативната страница на Комората, гласилото „Пресинг“ во кое свои мислења гледишта и ставови ќе пласираат сите членови подеднакво.

**Во четиригодишниот план беше зацртано зајакнување на соработката со бизнис секторот и поголема грижа за нивните барања, но зајакнување на соработката не е реализирано.** Комората и досега посветуваше внимание на инженерите од бизнис секторот и нивните проблеми, но факт е дека Комората може да има позначителна улога и да направи голема поддршка во решавањето на нивните проблеми.

Во таа насока во Собранието треба да се формира бизнис клуб на инженери – сопственици на фирми и во него да се предлагаат и да се поттикнуваат решенија кои понатаму би се пласирале во министерствата и би биле водилка за работа на Управниот одбор.

**Беше зацртано и зајакнување на делувањето на Собранието на Комората преку почести тематски состаноци, но зајакнување на делувањето на Собранието не е реализирано.**

Во наредниот период Собранието треба почесто да отвора тематски расправи за проблемите на бизнис заедницата, темите да бидат однапред



подготвени со воведничари и во отворена дискусија да се бараат решенија. При дискусиите да се користат најдобрите практики од други комори, но и изворни предлози и решенија во рамка која треба постојано да се унапредува.

**Досегашната практика беше работата на Комората да се оценува врз база на работа на Управниот одбор и на стручните служби и од нив се бара извештај за работата, кои секоја година го пишуваат и го доставуваат до Собранието.**

**Управниот одбор ги извршува работите кои се предвидени со законот и со статутот и за својата работа му поднесува извештај на Собранието.**

**Стручните служби се грижат за овластувањата и нивното продолжување, имениците, и подготовка и обработка на материјалите од комисиите за преглед и одобрување на овластувањата, за членарините, во таа насока израснаа во хомогена и организирана стручна служба со највисок квалитет во извршување на работата.**

И дотука работите личат логични (некои тоа го подразбираат за комора), но највисок орган на Комората е Собранието на Комората. Собранието има свои ингеренции, од кои некои се усвојување на извештајот од Надзорниот одбор, извештајот од работата на  Управниот одбор и завршната сметка.

Во статутот на Комората се набројани 25 точки на должности (задачи) на Собранието од кои една од поважните е точката 20 која гласи:

*20. Собранието расправа и одлучува за сите прашања кои се од значење за вршење на архитектонската и инженерската дејност и за положбата на архитектите и инженерите.*

*Она што недостасува за да биде комората КОМОРА (со големи букви) е расправа и одлучување на СОБРАНИЕТО, неговите ОДБОРИ, неговите КОМИСИИ.*

*Една од темите за кои Собранието треба, што е можно побргу да расправа и да одлучува е иднината на КОМОРАТА во светло на новиот предлог-закон за градење, заради сите прашања важни за архитектонската и инженерската дејност и за положбата на архитектите и инженерите.*

*Во новиот предлог-закон за градење се предлага модел за создавање на струкови комори, кои потоа би се здружиле во (унија на комори) КОМОРА. Во предизборните активности за нови раководители се предлагаат и идеи за формирање на регионални центри и канцеларии на Комората (на струковите комори). Реализација на овие идеи може да доведе до уситнување на Комората, комплицирано регионално делување, зголемување на администрацијата и трошоците,  но и нелогична и непотребна  доминација на „Скопската регионална комора" која ќе биде најбројна и најбогата. Во прифаќањето на овие идеи треба да се биде многу внимателен, а претходно да се проучат позитивните и негативните искуства од коморите во соседните држави кои тргнаа по тој пат на трансформација.*

## КОНТИНУИРАНА ПРОФЕСИОНАЛНА ОБУКА И ВЕШТИНИ

(ДОЕДУКАЦИЈА) ПРЕТСТАВУВА СИСТЕМ ПРЕКУ КОЈ ЧЛЕНОВИТЕ НА ПРОФЕСИОНАЛНИТЕ КАТЕГОРИИ ГИ ОДРЖУВААТ, ГИ ЗГОЛЕМУВААТ И ГИ ПОДОБРУВААТ СВОИТЕ ЗНАЕЊА И КОМПЕТЕНЦИИ И ВО ИСТО ВРЕМЕ ГИ РАЗВИВААТ ПРОФЕСИОНАЛНИТЕ ВЕШТИНИ ПОТРЕБНИ ЗА НИВНАТА ПРОФЕСИЈА.

КОМОРА ЌЕ ГО ОДРЖУВА НИВОТО НА КОМПЕТЕНЦИИТЕ НА ИНЖЕНЕРИТЕ ВО ВРСКА СО НАПРЕДНИТЕ ТЕХНИЧКИ И НАУЧНИ ДОСТИГНУВАЊА.

ИМОТОТ НА КОМОРАТА Е ЗАЕДНИЧКАТА ВРЕДНОСТ НА СИТЕ ЧЛЕНОВИ НА КОМОРАТА. НОВИОТ ПРОСТОР, ПОСЕБНО УРЕДЕН ЗА НАРЕДНИТЕ АКТИВНОСТИ НА КОМОРАТА Е ДРАГОЦЕН ИМОТ, СЕ ЧУВА, СЕ ОДРЖУВА И РАЦИОНАЛНО СЕ КОРИСТИ. ИМОТОТ И СРЕДСТВАТА МОЖАТ ДА СЕ КОРИСТАТ УШТЕ ПОРАЦИОНАЛНО, ДА ДОНЕСАТ И ДОПОЛНИТЕЛНА ВРЕДНОСТ И ЗАТОА ТРЕБА ДА СЕ УПРАВУВААТ ДОМАЌИНСКИ И ОДГОВОРНО.



## ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ 2020

По четиригодишно следење и анализа на приходите и расходите во Комората, може да се заклучи дека минималната членарина од 50 евра е сума која обезбедува непречена и ефикасна работа. Секое намалување на членарината под 50 евра го загрозува ефикасното работење и одржливоста на финансиската стабилност.




Треба да се зголемат активностите за обука и издавање прирачници за работа при што најголем број од обуките и прирачниците за членовите (биле) да бидат бесплатни.

## НАМЕСТО ЗАКЛУЧОК

Не е лесно да се даде отчет. Без оглед на тоа што е постигнато, тие кои не те поддржувале, тоа не можат да го сокријат и одвај чекаат да ти заврши мандатот и да заминеш, а тие кои „ги почитуваат резултатите" најчесто не знаат како би го покажале тоа.

## БЛАГОДАРНОСТ

На сите членови на Управниот одбор, искрено ви БЛАГОДАРАМ НА СОРАБОТКАТА, а на стручните служби им честитам на постигнатото усовршување и им посакувам лесна транзиција и приспособување кон новите (очекувани) промени предвидени со новиот Закон за градење.

ИНТЕРВЈУ СО **Д-Р ЖАКЛИНА АНГЕЛОВСКА**, РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА УРБАНИСТИ ВО КОИА, ВО МАНДАТНИОТ ПЕРИОД 2016-2021

# ЕКОНОМИЈАТА ВО ЕДНА ДРЖАВА СЕ БАЗИРА НА МОЖНОСТИТЕ ЗА ИЗГРАДБА И РАЗВОЈ НА ПРОСТОРОТ




**ДОНЕСУВАЊЕТО НА ТАРИФНИКОТ СПОРЕД МЕНЕ Е НАВЕСТУВАЊЕ ДЕКА ПРОФЕСИОНАЛИЗМОТ ПОЛЕКА ЧЕКОРИ КОН СВОЕТО ПОЧЕСНО МЕСТО. ОВА Е СЕРИОЗНА ПОТВРДА ОД СТРАНА НА ВЛАСТА ДЕКА ЗАЛОЖБИТЕ НА ПРОФЕСИОНАЛЦИТЕ ОД КОАИ СЕ ПРИФАТЕНИ И ПРИЗНАЕНИ ЗА ОПШТ НАПРЕДОК НА ДЕЈНОСТА И ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ДРЖАВАТА.**

# ВО ИЗМИНАТИОТ ПЕРИОД КОИА АКТИВНО УЧЕСТВУВАШЕ ВО НОСЕЊЕТО НА МНОГУ ЗНАЧАЈНИ ЗАКОНСКИ РЕШЕНИЈА ОД ОБЛАСТА НА УРБАНИЗАМОТ

**ПРЕСИНГ** На седница на Владата на 12.1.2021 е донесен тарифникот за урбанистички услуги, какво е неговото значење?

Донесувањето на овој тарифник според мене е навестување дека професионализмот полека чекори кон своето почесно место. Ова е сериозна потврда од страна на власта дека заложбите на професионалците од КОАИ се прифатени и признаени за општ напредок на дејноста и економски развој на државата. За урбанистите овој тарифник е од особено значење бидејќи ќе овозможи стабилизирање и екипирање на работниот тим, унапредување на професионалната работа со можности кои би биле иновативни и креативни за да ја добијат работата, ќе се исфрли од употреба изборот на изработувач на план заради најниската цена. Општините ќе ги планираат своите годишни плански програми и пресметуваат според вредности од тарифникот и ќе имаат јасна рамка за потребите и висината на буџетот за изработка на урбанистичките планови. Со тоа навреме ќе можат да одлучат колкав обем на работа ќе предвидат со нивните средства, а за кои урбанистички планови ќе се бара финансирање од државата. Ова го говорам особено од аспект на фактот дека во Комората за овластени архитекти и овластени инженери, сум активен член и дел од раководниот тим од нејзините почетоци, односно од 2008 година. Тогаш, за прв пат почнаа да се издаваат новите овластувања за изработка на урбанистички планови коишто беа замена на старите лиценци за урбанизам, што ги издаваше Министерството за транспорт и врски.

За мене ова е голем придонес за професијата урбанист и најголемото достигнување во мојот професионален живот. Овој исказ се базира на моето 28-годишно работно искуство во дејноста



МОЈОТ ПОВЕЌЕГОДИШЕН АНГАЖМАН ЗА ТАРИФНИКОТ ГО СМЕТАМ ЗА ПОБЕДА НА ТРУДОТ ВЛОЖЕН ВО ПРОФЕСИЈАТА УРБАНИЗАМ КАКО СИСТЕМСКО РЕШЕНИЕ И ДОКУМЕНТ ДОНЕСЕН ЗА ПРВ ПАТ ВО ИСТОРИЈАТА НА ДРЖАВАТА ЗА СИТЕ СЕГАШНИ И ИДНИ УРБАНИСТИ.

урбанизам, која опфаќа делување од различни професионални позиции и функции. Пред сè, мислам на искуство во урбанистичко планирање, контрола на процесот на планирање и како директен корисник на урбанистички планови.

Како раководител на Одделението за урбанизам во изминативе години се посветив на подобрување на нашата професија преку несебичен ангажман во сите постапки за спроведување на законот преку издавање на овластувања, со учество во изработка на нови поквалитетни законски решенија и размена на искуства со соседството во нашата дејност. Учеството на одделението и активните урбанисти во постапките за изработка на Законот за урбанизам, Правилникот за урбанистичко планирање за нас, претставуваше обврска и предизвик, а воедно и е почитување на зборот на професијата.

Важно е да напоменам дека имаме формирано Работна група која е во тек на изготвување на Правилникот за начин и форма на организирање и спроведување на јавни конкурси за урбанистичко-архитектонски решенија.

Можеби е малку чудно еден архитект-урбанист да зборува повеќе за закони, отколку за самата урбанизацијата на просторот. Но, со оглед дека економијата во една држава се базира на можностите за изградба и развој на просторот, токму поради тоа не е доволно само да си директен професионален учесник во постапките, туку со свој ангажман да направиш нешто повеќе за системот на урбанизацијата. Според мене,

**ИЗРАБОТКАТА НА ТАРИФНИКОТ ДАТИРА ОД ДАЛЕЧНАТА 2010 ГОДИНА КОГА СЕ НАПРАВИ ПРВАТА РАБОТНА ГРУПА ОД СИТЕ ПРОФЕСИОНАЛНИ ОДДЕЛЕНИЈА ВО КОМОРАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА ЕДЕН ЗАЕДНИЧКИ ТАРИФНИК ЗА СИТЕ ИНЖЕНЕРСКИ ДЕЈНОСТИ.**



за да можете професионално да го сработите урбанистичкиот план кој е договор помеѓу интересите на политиката и граѓаните, потребно е сериозно изучување на нашето урбанистичко законодавство, законодавството во соседството и во европските земји. На овие долгогодишни истражувања беше базирана и темата на мојот докторски труд. Мојот повеќегодишен ангажман за тарифникот го сметам за победа на трудот вложен во професијата урбанизам како системско решение и документ донесен за прв пат во историјата на државата за сите сегашни и идни урбанисти.

**ПРЕСИНГ** Што можете да ни кажете за историјата на донесувањето на овој, за Вас, значаен документ?

Изработката на тарифникот датира од далечната 2010 година кога се направи првата работна група од сите професионални одделенија во Комората за изработка на еден заеднички тарифник за сите инженерски дејности. Но, овој проект одеше доста тешко, бидејќи сеопфатноста значеше и различни мислења и толкувања околу законската обврска за донесување на овој документ иако тој беше пропишан со Закон за градење. На наша иницијатива и одделенски ангажман, како и моја лична истрајност во процесот на надминување на урбанистичките проблеми, преку учество при изработка на Законот за урбанистичко и просторно планирање во декември 2014 година, беше дефинирано донесување на ценовник за урбанистички услуги. Од тој период Работната група составена од Одделението на урбанисти и Одделението на архитекти, продолжи да работи на овој стратешки документ сè до доставување до надлежното Министерство на првата верзија во 2015 година. Подоцна беше формирана експертска работна група која ја изготви и достави втората верзија во 2016 година. КОАИ реагираше со писма за ургенции до МТВ во 2017 година. На крајот нашата трета верзија, сега усогласена со новиот Закон за урбанизам од 10.2.2020 година, ја доставивме во декември 2020 година и беше усвоена на Владата на РСМ. Работната група и одделението работеа во отежнати услови со ковид-19, но не се откажаа од идејата да се заврши овој циклус до крајот на годината. Морам да потенцирам дека имавме активна поддршка и од останатите професионални одделенија, како и од раководството на Комората и делегатите во Собранието, каде што ние двапати во оваа година го усвојувавме и усогласувавме овој тарифник. Работниот тим под мое раководство и координација беше составен од искусни професионалци од областа на урбанизмот (Мирко Андовски, Рада Филиповска и Благоја Тагасовски), како и сите членови на одборот на одделението (Мирјана Стефановски, Влатко Коробар, Дурим Фетаху, Илија Беличкоски, Марина Стојановска, Неџади Зулбеари, Марија Едровска). Да не го заборавам и Јане Стојановски, млад активен урбанист-планер кој на јавен повик се вклучи во работата.

**ПРЕСИНГ** Што очекувате по донесувањето на тарифникот?

Со овој документ очекувам стабилизирање на девастирањето на просторот во кој живееме и кој ни е лимитиран со граници, преку изработка на поквалитетни урбанистички планови и зајакнување на урбанистичките фирми.

За таа цел потребно е, пред сè, почитување во спроведувањето на тарифникот и етичкиот професионален кодекс од самите нас урбанисти, изработувачи на планови, како и од локалната

**СО ОВОЈ ДОКУМЕНТ ОЧЕКУВАМ СТАБИЛИЗИРАЊЕ НА ДЕВАСТИРАЊЕТО НА ПРОСТОРОТ ВО КОЈ ЖИВЕЕМЕ И КОЈ НИ Е ЛИМИТИРАН СО ГРАНИЦИ, ПРЕКУ ИЗРАБОТКА НА ПОКВАЛИТЕТНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ И ЗАЈАКНУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИТЕ ФИРМИ.**



и државната администрација при јавна нарачка за изготвување на урбанистички планови. Контролата за неговата примена е пропишана во законот да биде од страна на урбанистички инспектори од Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам.

Имајќи ги сознанијата и досегашното искуство во работа на инспекциските служби, мислам дека не треба да го очекуваме нивното дејствување, туку самите ние, урбанистичко планерските куќи како корисници на тарифникот да бидеме професионалци и доследни во неговата примена. Заради тоа, Одделението за урбанизам во својата програма за работа за 2021 има предвидено и спроведување на соодветни обуки со насоки за примена и почетни контролни постапки и мерки.

**ПРЕСИНГ** Како мислите овој тарифник да помогне во развој на урбанизмот?

Пред сè, екипирање на тимови кои професионално ќе работат на изработка на плански документи во непречена соработка со администрацијата и институциите, со реална и детална анализа на постојната состојба и детектирање на напластени проблеми во просторот. Урбанистите не треба да се насочени само на решавање на политички или поединечни барања и желби на инвеститори, напротив урбанизацијата најмногу ја користи и во неа живее граѓанинот на просторот. Потоа сметам дека е потребна презентација на плановите во 3Д модел, со реална вклученост на јавноста и транспарентност во изработката, а подоцна и во донесувањето на плановите. Верувам дека сето ова е можно кога трудот е реално вреднуван и почитуван од сите учесници во овој процес на урбанизација.

Оваа дејност е доста сложена, комплексна, испреплетена со желбите и потребите на граѓаните и стратешката политика на власт. Постапките на изработка и донесување на планови се многу долги, со многу учесници, мислења од институции и сето тоа бара многу време. Треба да го заборавиме скорашното минато кога властите применуваа негативни аукции на јавни набавки за изработка на урбанистички планови и со вредност од 1 денар за хектар, а потоа на сцена стапуваа пазарења и криминал. Сите стари навики задолжително ќе треба да се заборават и да се почитува професијата. Ние како одделение имаме издадено 700 овластувања, од кои 300 се активни, а само околу 120 се матични урбанисти.

**ПРЕСИНГ** Какво е Вашето мислење и какви се Вашите очекувања од законските измени во урбанизамот?

Имаме доста обемен и сеопфатен Закон за урбанизам, а уште подетален и посеопфатен Правилник за урбанистичко планирање, кои треба да се база за начинот на изработка на плановите, а трудот на урбанистите и учесниците во планирањето да се наплати според тарифникот за урбанистички услуги. Навидум имаме една затворена апстрактна слика која може да биде толкувана од повеќе аспекти и агли. За да добиеме јасна реална слика, неопходни се обуки за примена на сите правни акти, коишто се доволно сложени и за самите урбанисти, а да не потенцирам дека учесници во процесот на изготвување и донесување на плановите не се само урбанисти, а уште помалку се искусни овластени урбанисти. Токму поради сето ова, потребата за соработка со Министерството за транспорт и врски и Министерството за локална самоуправа и ЗЕЛС со КОАИ, односно со Професионалното одделение на урбанисти, се неминовен процес.

Можеби потребно е време за сето ова, но сепак верувам дека ќе донесе позитивни резултати.



**Историја на активности за носење на ценовник/тарифник за урбанистички услуги**

| ДАТУМ | ОПИС НА АКТИВНОСТ |
|---|---|
| **декември 2014** | Донесен новиот Закон за просторно и урбанистичко планирање во кој е дефинирана обврската за донесување на ценовник за урбанистички услуги. |
| **1 мај 2015** | Влегува на сила новиот Закон за просторно и урбанистичко планирање. |
| **јануари – јуни 2015** | Изработка на ценовникот од Работна група во Комората и негово континуирано разгледување од Управниот одбор на Комората. |
| **22 јуни 2015** | Допис до министерот за финансии и министерот за транспорт и врски за неусогласеност на Законот за јавни набавки (минимална цена) и Законот за просторно и урбанистичко планирање (ценовник). |
| **7 јули 2015** | Одговор од Министерството за финансии (Биро за јавни набавки) на дописот од Комората. |
| **21 јули 2015** | Доставен ценовникот до надлежното министерство, со барање за нивно произнесување пред истиот да биде ставен на разгледување од Собранието на Комората. |
| **31 август 2015** | Допис до претседателот на Советот за јавни набавки околу оперативни прашања за имплементација на ценовникот. |
| **29 февруари 2016** | Предлог-ценовник за урбанистички услуги, усвоен на Собранието на КОАИ. |
| **јуни 2016** | Доставен до Министерството за транспорт и врски за усвојување. |
| **НЕМА ОФИЦИЈАЛЕН ОДГОВОР ОД НАДЛЕЖНИТЕ ОРГАНИ** | |
| **декември 2018** | Ургенција до министерот за ценовникот. |
| **декември 2019** | Повторно доставен ценовникот до надлежното министерство и Бирото за јавни набавки. |
| **10 февруари 2020** | Донесен нов Закон за урбанистичко планирање, во кој се става силен акцент на тарифникот за урбанистички услуги. Терминот е сменет од „ценовник“ (во стариот закон) во „тарифник“ (нов закон). Законот започнува со примена во јуни 2020. |
| **април – јули 2020** | Ревидирање на тарифникот од стручната комисија и негово ажурирање, согласно новите законски одредби. |
| **јули 2020** | Ажурираниот тарифник усвоен од Управниот одбор на Комората. |
| **17 август 2020** | Усвоениот тарифник од Управниот одбор на Комората доставен до претседавачот на Собранието на Комората. |
| **21 септември 2020** | Усвоен тарифник на Собранието на Комората. |
| **30 ноември 2020** | Доставен тарифник до надлежното министерство за усвојување. |
| **5 декември 2020** | Усвоен тарифник на Собранието на Комората, усогласен со ЗЕЛС и МТВ. |
| **7 декември 2020** | Доставен тарифник до надлежното министерство за усвојување. |
| **12 јануари 2021** | Усвоен тарифникот за урбанистички услуги на Влада на РСМ. |

# ЗА МОРАТОРИУМОТ ОПШТИНА ЦЕНТАР, СКОПЈЕ (2017 – 2021)

**Вонр. проф. д-р Дивна Пенчиќ, дипл. инж. арх.**
**(Член на Комисијата за урбанизам при Општина Центар 2017 – 2020)**

> ! Напомена: Авторот на текстот го презентира исклучиво својот агол на гледање и ретроспектива на случувањата околу мораториумот и со полна морална одговорност ги изнесува своите сознанија и ставови.

Мораториумот на спроведување на деталните урбанистички планови, односно градење во Општина Центар во Скопје, е веројатно еден од најсмелите чекори во делувањето на една локална самоуправа, со многу поддржувачи, но и многу противници. Иницирана од неформалната граѓанска иницијатива „За одбрана на Дебар маало", вградена во целите на изборната кампања на СДСМ која ги вклучи во своите редови и независните кандидати, прерасна во симбол на пркосот против дивеењето на „инвеститорскиот урбанизам". Но, и покрај четиригодишната борба и упорно објаснување зошто е донесен, што се прави и со кои инструменти, веројатно остана неразјаснето за стручната фела, па и пошироко за граѓаните, што всушност се случуваше и што е направено.

Како член на Комисијата за урбанизам, која го започна и го водеше процесот, како поддршка на претседателката на Советот на Општина Центар, г-ѓа Јана Белчева Андреевска и градоначалникот г. Саша Богдановиќ, во оваа прилика ќе дадам осврт на она што се случуваше изминатите години во Општина Центар и тоа во неколку точки:

### МОРАТОРИУМ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ДЕТАЛНИТЕ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

**Цел:** Да се сопре „дивеењето" во изградбата на Општина Центар.

Со години граѓаните на Општина Центар во Скопје, па и низ цела Македонија, се сведоци на интензивна градба, која наместо да носи нов квалитет и подобри услови за живеење, носи само хаос и потешкотии во користењето на градот и го прави градскиот живот неподнослив. Ваквата состојба поттикна многу граѓани да реагираат секојдневно и да се организираат во повеќе неформални граѓански иницијативи.

**Повод:** Незадоволство од ДУП „Дебар маало"

> **МОРАТОРИУМОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ДЕТАЛНИТЕ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ, ОДНОСНО ГРАДЕЊЕ ВО ОПШТИНА ЦЕНТАР ВО СКОПЈЕ, Е ВЕРОЈАТНО ЕДЕН ОД НАЈСМЕЛИТЕ ЧЕКОРИ ВО ДЕЛУВАЊЕТО НА ЕДНА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА, СО МНОГУ ПОДДРЖУВАЧИ, НО И МНОГУ ПРОТИВНИЦИ.**

## ОПШТИНА ЦЕНТАР
## ПОДЕЛБА ПО ГРАДСКИ ЧЕТВРТТИ



Во Општина Центар, во време на изготвување на ДУП – Дебар маало, 2015 – 2016, граѓанската иницијатива „Во одбрана на Дебар маало“ обедини граѓани од различни профили, кои се најдоа засегнати од предлогот и со темелна анализа на планскиот документ, изнајдоа огромен број на неправилности кои во иднина би генерирале понеквалитетен живот во градската четврт. Најмногу реагираа на: отсуство на солидна планска програма и ажурирани податоци на терен, игнорирање на забелешките од граѓаните, но и неприфаќање на стручните аргументи и забелешки и проблематичен пристап во давањето услови за градба. Тогашниот градоначалник г. Андреј Жерновски, покажа слух за барањата на иницијативата, но недоволно сериозно пристапи на проблемот и недоволно јасно ги постави односите со планерската фирма БИЛД, изработувач на деталниот урбанистички план, чиј сопственик е г. Бојан Муличковски, дипл. инж. арх.

> Сè позачестените реакции на граѓаните, но и реакциите на стручните лица, па и самите службеници во локалната самоуправа, беа голем показател дека нешто не е во ред со урбанистичкото планирање и условите кои го насочуваат развојот на градот.

**Состојба:** Проблематични и непрофесионално изработени детални урбанистички планови

Реакцијата на граѓанската иницијатива „Во одбрана на Дебар маало“ ја отвори „Пандорината кутија“, односно прашањето што се случува и со другите детални урбанистички планови. Јасно беше дека тие се генераторите на проблемите што се создаваат во секоја градска четврт во Општина Центар, во изминатите години. Сè позачестените реакции на граѓаните, но и реакциите на стручните лица, па и самите службеници во локалната самоуправа, беа голем показател дека нешто не е во ред со урбанистичкото планирање и условите кои го насочуваат развојот на градот.

**Акција:** Здружување на силите по повод локалните избори 2017

Иако и во претходниот мандат на градоначалник во Општина Центар беше коалицијата предводена од СДСМ, реалните можности за какви било промени беа многу мали, имајќи го предвид тогашниот опозициски статус на партијата. Во време на еуфорија од Шарената револуција и бурни активистички години за промена на власта, на локалните избори 2017 година, политичката партија СДСМ ги отвори вратите и за независни кандидати. Оттука произлезе и учеството на кандидати за советници и носител на советничката листа на коалицијата предводена од СДСМ во Општина Центар, на членови од граѓанската иницијатива „Во одбрана на Дебар маало“, која прерасна во платформа „Здравје пред профит“, кои се најдоа на листата.

Изборната програма на коалицијата предводена од СДСМ, „За живот во Македонија за сите“, ги прифати барањата на „Здравје пред профит“, меѓу кои најистакнато беше токму воведувањето на **мораториум**.

**Очекувања:** Запирање на изградбата и обезбедување услови за прегледување на целокупната урбанистичка планска документација и утврдување на проблемите

Мораториумот не беше замислен како комплетно запирање на развојот на Општина Центар, туку обезбедување време и услови за проверка на состојбата и на деталните урбанистички планови. Се чинеше невозможно

> МОРАТОРИУМОТ НЕ БЕШЕ ЗАМИСЛЕН КАКО КОМПЛЕТНО ЗАПИРАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР, ТУКУ ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ВРЕМЕ И УСЛОВИ ЗА ПРОВЕРКА НА СОСТОЈБАТА И НА ДЕТАЛНИТЕ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ. СЕ ЧИНЕШЕ НЕВОЗМОЖНО ДА СЕ ЗАПРЕ „ДИВЕЕЊЕТО“ ВО ПРОСТОРОТ И НАРУШУВАЊЕТО НА КВАЛИТЕТОТ НА ЖИВОТОТ КОИ БЕА ЕВИДЕНТНИ, АКО ЗА ОДРЕДЕНО ВРЕМЕ НЕ СЕ СТОПИРА ИЗГРАДБАТА И ПРОФЕСИОНАЛНО СЕ СОГЛЕДА СОСТОЈБАТА.



да се запре „дивеењето" во просторот и нарушувањето на квалитетот на животот кои беа евидентни, ако за одредено време не се стопира изградбата и професионално се согледа состојбата.

**Услови:** Донесување „Одлука за запирање на спроведувањето на деталните урбанистички планови"

За да се обезбедат услови за спроведувањето на мораториумот, неопходно беше донесување на одлука од страна на Советот на Општина Центар, со која се озаконува постапката и се задолжува градоначалникот да го спроведе. Првата одлука е донесена на 27.12.2017 год. и опфати 30-тина детални урбанистички планови (бројот на ДУП-овите не е идентичен со бројот на градски четврти во Општина Центар, затоа што се работени според просторна поделба од стариот ГУП 2002 – 2012).

Подоцна оваа одлука во неколку наврати беше обновувана поради константните притисоци да се запре мораториумот. Се проблематизираше легалноста на одлуката иако во сите наврати беа консултирани еминентни стручњаци од областа на правото. Но, како и за многу други важни сегменти во нашето општество, се потврди фактот дека и во правото, за жал, има многу различни толкувања.

**Спроведување:** Преглед и стручна анализа на деталните урбанистички планови

За потребите на преглед и стручна анализа на деталните урбанистички планови беше потребно „ставање на маса" на сите актуелни детални урбанистички планови за Општина Центар и детектирање на генерални, но и специфични проблематични аспекти.

Носители на почетните чекори беа: претседателката г-ѓа Јана Белчева Андреевска, градоначалникот г. Саша Богдановиќ, советничката проф. м-р Цветанка Симоновска и јас вонр. проф. д-р Дивна Пенчиќ. Оваа група на луѓе и претходно се има сретнато и имаше иста цел, декларирана како „воспоставување на механизми за подобро планирање и контрола над просторот на подрачјето на Општина Центар". Проф. м-р Ц. Симоновска беше најупатена во проблемите и како долгогодишен професор на Архитектонскиот факултет во Скопје (УКИМ), но уште повеќе како долгогодишен член на Советот на Општина Центар, од неа сите ние учевме и дознававме што сè се случува во урбанистичкото планирање и изградбата на територија на Општина Центар.

За потребите на преземената обврска за операционализацијата на мораториумот, беше формирана нова комисија за урбанизам. Во нејзин состав бевме вклучени: јас, вонр. проф. д-р Дивна Пенчиќ од Архитектонски факултет во Скопје (УКИМ) како наставник кој учествува во настава на предмети од областа на урбанизам, но и граѓански активист со слух за барањата на



граѓаните; потоа м-р Биљана Насковиќ, дипл. инж. арх. како архитект-планер од практика и од локалната самоуправа по службена должност; раководителот на Секторот за урбанизам, г-ѓа Антица Сашек, дипл. инж. арх; г-ѓа Наташа Пренк, дипл. инж. арх. и г-ѓа Оливера Ќоќоровска. Дополнително беше направен и тим за евалуација на деталните урбанистички планови во кој беа вклучени: Теа Дамјановска, маг. арх. Ивана Ангелова, маг. арх., а подоцна и Снежана Домазетовска.

**Услови за операционализација:** Одговорности и приоритети

Поаѓајќи од почетните насоки на иницијалната група за мораториумот, официјално Комисијата за урбанизам беше таа која требаше да ги отвора деталните урбанистички планови и да започне со нивно прегледување и давање забелешки. Паралелно тимот за евалуација, по претходно скицирана методологија за проверка и анализа, изготвуваше извештаи/елаборати од кои се црпеа сознанија за проблемите во планската документација.

На самиот почеток се увиде дека се работи за огромен број на ДУП-ови и тешко совладлива материја, па се одлучи да се воспостават приоритети. Базирано и на почетните изборни ветувања за рамномерен развој, еднакви права и давање приоритет на неразвиените и запуштените подрачја од Општина Центар, приоритет се даде на неколку градски четврти и тоа: Ново Маало, Пролет, Маџир Маало и Крњево. Но, тука влегоа и помалку проблематичните и веќе прикрај на изготвување ДУП-ови за градските четврти: Мирче Мацан, Даре Џамбаз, Судска палата и Пресвета Богородица, преку кои полесно можеше да се дојде до првични сознанија за проблемите. Понатаму, еден по еден се отвораа и останатите ДУП-ови во наредните три години.

**Пречки:** Константна борба со разни чинители и несоодветни услови за работа

Со капацитет од 4 + 4 + 2 (+1) лица, вклучени во вака обемна работа, брзи резултати и не можеше да се очекуваат, уште повеќе што низ процесот на евалуација постојано имаше несогласувања околу целите и начинот на спроведување. Сите учесници имаа многу различни стартни позиции, многу различни искуства и многу различни очекувања. Градоначалникот и советникот како политички лица, претседателката на Советот како огнен поборник на граѓанските права за квалитетни услови за живот, јас како некој од сферата на едукација и теорија, без поголемо искуство во практика, еден практичар со искуство, раководител со политичка заднина и две службенички со многу насобрано негативно искуство и од односот на планерите и од односот на граѓаните, но и начинот на кој се работи во локалната самоуправа.

За потребите на евалуација и подобрување на планските решенија, Секторот за урбанизам,



ПОАЃАЈЌИ ОД ПОЧЕТНИТЕ НАСОКИ НА ИНИЦИЈАЛНАТА ГРУПА ЗА МОРАТОРИУМОТ, ОФИЦИЈАЛНО КОМИСИЈАТА ЗА УРБАНИЗАМ БЕШЕ ТАА КОЈА ТРЕБАШЕ ДА ГИ ОТВОРА ДЕТАЛНИТЕ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ И ДА ЗАПОЧНЕ СО НИВНО ПРЕГЛЕДУВАЊЕ И ДАВАЊЕ ЗАБЕЛЕШКИ.

Комисијата за урбанизам и тимот за евалуација, само спорадично добиваа помош од останатите одделенија и сектори во општината, но генерално се воспостави практика на недавање на какви било информации, неодговарање на прашања, па дури и комплетно игнорирање. Сите во општината како да беа задолжени да се минира процесот и да не се успее.

Но, најголемите пречки се појавија, иако очекувано, од изработувачите на деталните урбанистички планови. Искуствата со сите кои работат на ДУП-ови за Општина Центар (ИН-ПУМА, БИЛД, Тајфа-План, Иванов-инж.) се скоро исти, со мали исклучоци во поединечни ситуации. Дефинитивно тие работат само за клиенти кои плаќаат за тоа и плановите се изработуваат за корист на одредени лица, големи, но и мали, инвеститори или сопственици. Секако, ова им е познато и на стручната и на пошироката јавност, но сепак несфатливи и неприфатливи се размерите во кои таа појава е раширена, на штета на сите останати и особено на штета на јавниот интерес. Планерите не се ни трудат да ја почитуваат професионалната етика, а уште помалку да почитуваат законски пропишани стандарди и нормативи. Долгогодишното несанкционирање на овие појави дало зелено светло за вакво непрофесионално работење иако дел од нив имаат и своја страна на приказната и раскажуваат разни случки на притисоци и од централната и локалната власт и од инвеститори, за што и може да се има разбирање дека и тие имаат сериозни проблеми во изготвувањето на плановите. Дополнително, односот нарачател (општината) и извршител (планерската фирма), за многу е нејасен и постојано се судиравме околу тоа за кого се планира, чии цели и насоки треба да се следат и сл. Но, никако не е точно дека планското решение е авторско дело и дека планерот може да прави како тој мисли, особено што не мисли и креира, туку задоволува инвеститорски и сопственички апетити. Скоро во ниедно планско решение не се насетува општо добро и еднаквост.

Пречките секако доаѓаа и од инвеститори и нивното самоволие, агресивност, непочитување и сила на пари. Јасно е дека тие успеваат да им ја одредат цената на сите кои им стојат на патот, со мал број на исклучоци идеалисти, за кои имам посебен респект. Силата на парите, но некогаш и само притисоците од сите страни, се клучните кои го растураат целиот систем и секако беше главна пречка и за нас. За остварување на аспирациите на инвеститорите најмногу беше користено оружјето на ненавремено коригирање и доставување на планската документација од страна на планерската фирма. Тоа оружје беше најсилно и најуспешно, што толку ја развлече постапката низ времето, што создаде состојба на губење смисла.

Неодлучноста на градоначалникот и раководителот на секторот урбанизам се, исто така, еден од камењата на сопнување. Иако на почетокот целта беше јасна, како одминуваше времето и како сè помалку се гледаше некаков резултат, губејќи поддршка од сите нивоа, се изгуби ентузијазмот. На почетокот се боревме со неприфаќање на целите, а подоцна со минирање на целите. За жал, тука се вклучија и одговорните од Град Скопје и од Министерството за транспорт и врски, секако со исклучоци на лица кои ги делат истите вредности и ни се истомисленици. Градоначалникот ги вложи сите напори и ентузијазмот, но непреземањето на некои порадикални мерки, вродија со премногу изгубено време, „натегање" со секого и за сешто и ги истроши силите и можностите.

Но, не треба да се амнестираат и дел од граѓаните, со своите „набилдани" очекувања и барања. Долго време под притисок на задоволување на инвеститорските аспирации, толку многу се зголемени дадените можности за градење и со тоа понудата за пренос на имот, што веќе секој сопственик, дури и на шупа, бара стан за секое дете и внуче, на целото семејно стебло. Ова е позната појава, но сепак изненадува на секој чекор и создава несовладлива препрека.

И уште една, не толку наивна пречка, е типичната македонска состојба, а тоа е нееднаков третман и давање поволности на сопственици на парцели на членови на актуелната партија на власт, роднини и пријатели. Овие лица се постојано присутни во општината, вршат притисок на службениците, на членовите на комисиите, на градоначалникот и сл. Но, има и такви на кои како да им е хоби „висење" во општина.

**Сознанија:** Проблематични и непрофесионално изработени детални урбанистички планови

Имајќи увид при првата група на детални урбанистички планови кои се отворија за преглед и анализа, веднаш се детектираа неколку генерални проблеми, и тоа:

- √ Не се почитуваат Законот за просторно и урбанистичко планирање и правилниците кои произлегуваат од него како: Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и Правилникот за поблиска содржина, форма и начинот на обработка на урбанистичките планови (во периодот кога е вршена анализата такви називи носеа законските и подзаконските акти).
- √ Се работи за сериозно нарушување и на професијата и особено низок квалитет на плановите и како плански решенија и од технички аспект. За сериозноста на планерскиот аспект како одговорен акт, не може ниту да се разговара и етиката е сериозно нарушена.
- √ Не се почитуваат ниту со закон пропишани стандарди и нормативи од областите: заштита и спасување, заштита на животната средина, сообраќај и безбедност во сообраќајот, комунални услуги, заштита на културно наследство и сите останати кои се дел и ги опфаќаат сите аспекти на квалитетно живеење.
- √ Со ова директно се влијае на нарушување на условите, како и квалитетот на живот.
- √ Постојната состојба, односно состојбата на терен не е ниту оддалеку доволно антиципирана и ажурирана. Најчесто планот се изработува врз претходен план, со најчесто непознат степен на реализација. Се повикува во голем обем и на сомнително „стекнато право“, притоа не земајќи го предвид јавниот интерес.
- √ Параметрите зададени во ГУП-от на Скопје 2012 – 2022, селективно се исполнуваат или не се исполнуваат, со најголеми дискрепанци во бројот на предвидени жители. Во некои планови тоа е надминато дури деветпати. Надминување во планираниот број на жители според ГУП-от е евидентирано во сите прегледани планови, под изговор дека „Гуп-от е лош и тоа сите го знаат“. А всушност се нема поголемата слика од аспект на демографскиот развој на градот, кој има негативни тенденции во однос на тоа што во ДУП-овите се планира.
- √ Не се прави напор за добивање на сите потребни мислења од субјекти, повикувајќи се на пропишаното со закон „Ако не одговорат во даден рок, се смета за позитивно“. Со немањето мислење, на пример за прашања од областа на заштита и безбедност, директно се влијае на можноста од губење човечки животи и големи материјални штети. Во најмала рака, со недобивањето мислење за инфраструктурата, директно на граѓаните им се нанесува штета во смисла на создавање услови за немање вода, струја, одведување на отпадни води и отпад и сл. Тука е и нетретирање на мислењето врзано за обезбедени градинки, училишта, амбуланти, игралишта, паркови и сл.
- √ Одлуки за користење на земјиштето кои се во корист на инвеститори, на сметка на квалитетот на живот на граѓаните. Често земјиштето кое е на Република Македонија „лесно“ се „доделува“ на навидум непознати субјекти, со образложение дека така наложуваат законите или, пак, креативниот акт на планерот.
- √ Сите планови се соочени со добивање повеќекратни забелешки од релевантните тела и институции (Комисија за урбанизам при Општина Центар, Комисија за урбанизам при Град Скопје, Министерство за транспорт и врски). Планерите не одговараат на забелешките, често декларативно прифаќаат, но не постапуваат. Тука спаѓаат и неусогласености со Агенцијата за катастар на РМ.
- √ Решенијата, односно понудените плански решенија, се проблематични од разни аспекти и тешки за согледување. Обременети се со спротивности со ГУП-от, исполнување на поединечни желби на сопственици, но попроблематични се решенијата во корист на „моќни“ инвеститори.
- √ Недостаток на издржани инвентаризации, анализи, заклучоци, јасно поставени плански програми, оценки на капацитетот на планските опфати, оценка на можности, проверка на варијанти и барање најдобро решение. Планските документи обилуваат со небулози во овие делови и се препишува од план во план, без притоа да се воочи специфичноста

на секој поединечно. Често невнимавањето оди дотаму што информациите се однесуваат на некој друг град. Ваквите случаи упатуваат дека иако планските документи поминуваат низ повеќе филтри, често не се проверуваат во целост, а ова пак упатува на лошо поставен процес на донесување планови, немање јасни или неследење на процедури и декларирани одговорности.

√ Планирањето на просторниот развој на Општина Центар е нерамномерен и со тоа нерамноправен. Граѓаните не се со еднакви позиции и можности. Некои четврти се заложници на наследени одлуки, но за жал и новите решенија не го решаваат проблемот. Други, пак, се препознати како атрактивни и дополнително се натрупуваат, а тоа во иднина ќе се врати со намален квалитет на живот. Недостига сериозна економска анализа, но оваа алка во урбанистичкото планирање не само што е слаба, туку и ја нема. Урбанистите сосема паушално проценуваат што е економски бенефит.

√ За правото на достојно живеење и зголемување на квалитет на живот, во плановите ниту се размислува, ниту е предмет на сериозна професионална работа. „Квалитетот на живот“, според вклучените во процесот на изготвување урбанистички планови е категорија која ја нема доволно објаснето законодавецот и не обврзува. Животот, правото на лесна достапност, сонце, чист воздух, слободен поглед кон околината, каде да се фрли домашниот отпад, не се предмет за работа на планерите?

> Согласно Генералниот урбанистички план за Скопје 2012 – 2022, пропишано е усогласување на планските документи на сите градски четврти, поради изменетите услови кои ги дава ГУП-от и согласно тоа биле започнати постапки уште претходните години, односно претходниот мандат на локалната самоуправа

**Прегледани ДУП-ови:** Работа на Комисијата за урбанизам и извршен преглед, анализа и ревизија

Комисијата за урбанизам уште на самиот почеток се соочи со започната постапка на ДУП-ови за скоро сите градски четврти на подрачјето на Општина Центар. Согласно Генералниот урбанистички план за Скопје 2012 – 2022, пропишано е усогласување на планските документи на сите градски четврти, поради изменетите услови кои ги дава ГУП-от и согласно тоа биле започнати постапки уште претходните години, односно претходниот мандат на локалната самоуправа.

Во првиот период и по прегледување и анализирање на првата група ДУП-ови, Комисијата за урбанизам успеа да ревидира и да даде зелено светло за донесување на 4 ДУП-ови за градските четврти: И 04-Даре Џамбаз, И 03-Мирче Мацан, И 06-Пролет и И 02-Ново маало 1. ДУП-от за ГЧ Ј 06-Тасино чешмиче е донесен без мислење на Комисијата за урбанизам и истиот лично го сметам за проблематичен. Во наредниот период се ревидирани и донесени уште и: И 09-Нова железничка станица, Ц 04-Дом на градежници, И 01-Маџир маало 1. ДУП за ГЧ Ј 07-Капиштец и Завод за рехабилитација беше веќе донесен во претходниот период, но тој е исклучително штетен и придонесува за многу лоши состојби во квалитетот на живот на тој простор.

Во текот на работата, комплетно ревидирани беа уште: З 11-Буљаковец, З 12-Парк и Дебар маало 1, Ц 03-Соборен храм, Ј 21-Клинички центар и Геодетски завод; И 05-Маџир маало 2, ЦС 07-Крњево, ЦС 14-Кале и СЦР Кале. Во оваа група спаѓа и ДУП за Ц 01-Мал ринг, но тој е приказна за себе и за него треба посебно образложение за сагата околу неговото ревидирање. Ревидирани се и градските четврти ЦС 06-Судска палата 1, ЦС 08-Судска палата 2, но кај нив се евидентирани несоодветно поставени цели и планска програма и како што изготвувачите изгубија интерес, договорите се раскинати и постапката, ако има потреба би одела од почеток. Случајот на ДУП за ГЧ ЦС 04-Пресвета Богородица, каде што има постојано „натегање“ со аспирациите на инвеститорите и планерите, наспроти поставените цели на општината, е поврзан и со постојани промени на конзерваторските основи, секако под притисок на инвеститорите, за накрај да се раскине договорот за изработка.




Прегледани се и анализирани и ДУП-овите за градските четврти Ц 05-Градски ѕид-Јужен дел и Ц 07-Градски ѕид-Исток, каде што се констатирани решенија кои се спротивни на она што го заслужува тој извонреден градски ансамбл, па по долги „натегања“ и тој договор е раскинат и постапката за изработка би одела одново ако за тоа се има интерес.

Во меѓувреме се започнати постапки и за ГЧ ЦС 01-Француски гробишта, Тетовска трошарина, И 07-Тутунски комбинат, но се во многу рана фаза.

Други активности: Воспоставување на институција Конкурс, како алатка за добивање на квалитетни урбанистички и архитектонски решенија

Комисијата за урбанизам во своето работење се зафати и со подигнување на нивото на урбанистичкото планирање и проектирање, преку обезбедување услови за распишување на конкурси. Архитектите преку своите здруженија Асоцијација на архитекти на Македонија-ААМ, Архитектонската академија при ААМ и Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Македонија, веќе подолго време се борат за повторно воспоставување на институцијата Конкурс во урбанистичкото планирање и проектирање и членовите на Комисијата за урбанизам се обврзаа тоа и да го обезбедат во рамките на креирањето развој на Општина Центар. Предложените локалитети за кои сметавме дека се од значење за Општина Центар и

УСТАВНИОТ СУД, ДЕФИНИТИВНО, МУ ПРЕСУДИ НА МОРАТОРИУМОТ И ТОА ВО СЛУЖБА НА ДВАЈЦА „СЛУЧАЈНИ“ ПОДНОСИТЕЛИ. НО, ЗА ОВА ТРЕБА ДА ОДГОВОРАТ УСТАВНИТЕ СУДИИ И ОДЛУКАТА ЛЕЖИ НА НИВНАТА СОВЕСТ.

Град Скопје се: Локалитетот на некогашната фабрика Треска, Градската четврт Ц 08-Ново маало 1 (попознато како „паркингот спроти х. Холидеј-ин“), Парк во Ј 07-Капштец и сл. Првичните идеи беа и поамбициозни, па се веруваше дека треба и за цели градски четврти да се организираат конкурси, како на пример за Ново маало, Крњево и сл. Досега е изготвена програмата за локалитетот фабрика Треска, но распишувањето на овој конкурс има „моќни“ противници и истите стигнаа и до Уставен суд. За сагата околу ова случување веројатно градоначалникот има повеќе да каже.



## БЕЗ МОРАТОРИУМ И КАКО ПОНАТАМУ?

Уставниот суд, дефинитивно, му пресуди на мораториумот и тоа во служба на двајца „случајни" подносители. Но, за ова треба да одговорат уставните судии и одлуката лежи на нивната совест. За правните аспекти тука нема да дискутирам.

Но, клучни прашања се што и како понатаму. Сега Општина Центар, градоначалникот г. Саша Богдановиќ, Советот на општината и Комисијата за урбанизам, ја немаат „паузата" од градење, но и понатаму ги имаат истите инструменти, а тоа е изготвување нови квалитетни детални урбанистички планови. А неспроведувањето на важечките детални урбанистички планови, секако е пропишано со ГУП-от на Скопје 2012 – 2022, во делот „Спроведување на Генералниот урбанистички план", член 38, каде што јасно е напишано, покрај останатото, дека „5) Заради законската облигација деталните урбанистички планови да мораат да се усогласени со генералниот урбанистички план, сите детални урбанистички планови кои се донесени во периодот 2002 – 2012 година, како акти за спроведување на Генералниот урбанистички план на град Скопје 2002 – 2020, кој веќе не е на сила, или кои се донесени порано, мораат да претрпат усогласување со новиот Генерален урбанистички план, со што ќе можат да се применуваат односно да станат акти за спроведување на новиот Генерален урбанистички план на Град Скопје 2012 – 2022" и дополнително „6) Во периодот од донесувањето на Генералниот урбанистички план за Град Скопје 2012 – 2022 до усогласувањето на деталните урбанистички планови кои ги донесуваат општините во состав на Град Скопје, деталните урбанистички планови кои се на сила можат да се применуваат само и исклучиво во оние делови од планскиот опфат кои се во согласност со Генералниот урбанистички план на Град Скопје 2012 – 2022, односно не се спротивни на ниту една негова одредба". Со ова Општина Центар има услови да не спроведува ниту еден детален урбанистички план од актуелните важечки и е обврзана да донесе нови планови.

## НАМЕСТО ЗАКЛУЧОК

И покрај сите непријатности и притисоци, сепак вредеше да се обидеме и на Општина Центар и на нејзините граѓани, да им обезбедиме подостоинствен и поквалитетен живот. Зачекоривме силно, поминавме многу, постигнавме можеби малку, но барем се обидовме.

(За жал, во септември 2020, поради многу лични причини, а не поради откажување, се повлеков од Комисијата за урбанизам. Но, за среќа, сè уште помагам на секој можен начин и никогаш нема да престанам да се борам за подобар живот на сите во градот, и како наставник, и како стручно лице, но најмногу како граѓанин на Центар и Скопје.)



# ИНДУСТРИСКИ ОТПАД (ТРОСКА) – ИЗВОР НА СЕКУНДАРНИ СУРОВИНИ (СРМ) ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ГРАДЕЖНИ МАТЕРИЈАЛИ И ОСНОВА ЗА НОВ БИЗНИС МОДЕЛ НА ЦИРКУЛАРНА ЕКОНОМИЈА ЗА ПООДРЖЛИВА УРБАНА ГРАДБА (ЦЕБМ)

**д-р Златко Илијовски, дипл. инж. геолог;**
**м-р Ѓорѓи Гошев, дипл. град. инж.;**
**м-р Зоран Ѓорѓиевски, дипл. град. инж.;**
**м-р Добриела Рогожарева Ставрева, дипл. инж. геолог;**
**м-р Тања Димитрова Филкоска, дипл инж. по хемија;**

## ВОВЕД

Република Северна Македонија изобилува со секундарни суровини во форма на индустриски отпад, градежен отпад и отпад од општинските услуги. Истите како такви претставуваат релативно неистражен потенцијал за пазарниот сектор на суровини и би можеле да претставуваат значаен извор на секундарни суровини (СРМ), кои со одреден третман и преработка би можеле да најдат примена во градежништвото.

Градежниот институт Македонија АД Скопје врз основа на договор за деловно-техничка соработка со компанијата Макстил, презеде активности на таа тема преку вклучување во проектот „Нов бизнис модел на циркуларна економија за поодржлива урбана градба – *Cinderela*. Истиот е финансиран од европската програма „Хоризонт 2020“ и претставува комплексен истражувачки и иновативен проект, кој има за цел развивање и демонстрирање на „Нов бизнис модел на циркуларна економија за поодржливо урбано градење (ЦЕБМ)”.

Самиот проект придонесува компаниите да воспоставуваат успешни бизнис случаеви на циркуларна економија засновани врз можностите од отпад до ресурс, односно концепт „Нула отпад”, преку примена на производи во градежниот сектор добиени на основа на секундарни суровини (СРМ).

Градежниот институт Македонија АД Скопје како дел од конзорциумот на тринаесет извонредни истражувачки институции и организации од седум европски земји вклучени во проектот *Cinderela*, со компанијата Макстил заеднички ќе учествуваат во активности за поставување на пилот постројка за механичка обработка на секундарна индустриска суровина – троска (црна и бела), добиена од печките за топење на отпадно железо во фабриката Макстил и развој на можностите за нејзина примена во градежната индустрија.

http://www

*Повеќе за проектот Cinderela*
*https://www.cinderela.eu/*

Сл. 1 Депонија на црна троска во кругот на Макстил



Сл. 2 Депонија на бела троска во кругот на Макстил



ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЦЕЛИТЕ НА ПРОЕКТОТ *CINDERELA*, ЗАВОД ЛАБОРАТОРИЈА ПРИ ГРАДЕЖНИОТ ИНСТИТУТ МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ Е ЗАДОЛЖЕН ЗА ЦЕЛОКУПНИТЕ ЛАБОРАТОРИСКИ ИСПИТУВАЊА И ТЕСТИРАЊА НА ЦРНАТА И БЕЛАТА ТРОСКА ЗА НИВНА УПОТРЕБА, КАКО И ЗА ДИЗАЈНОТ НА БЕТОНСКАТА И АСФАЛТНАТА МЕШАВИНА, ЛАБОРАТОРИСКИТЕ ИСПИТУВАЊА НА ГОТОВИТЕ ПРОИЗВОДИ, БЕТОН И АСФАЛТ ПРИГОТВЕНИ ВО ЛАБОРАТОРИЈА

## ЛАБОРАТОРИСКИ ИСПИТУВАЊА

За реализација на целите на проектот *Cinderela*, Завод лабораторија при Градежниот институт Македонија АД Скопје е задолжен за целокупните лабораториски испитувања и тестирања на црната и белата троска за нивна употреба, како и за дизајнот на бетонската и асфалтната мешавина, лабораториските испитувања на готовите производи, бетон и асфалт приготвени во лабораторија. Црната троска (Сл. 1) е испитувана од аспект на нејзината употребливост како долен носив слој (агрегат за тампон) и како агрегат за асфалтни мешавини, а белата троска (Сл. 2) е испитувана од аспект за нејзина употреба како додаток (замена) за цемент во бетонски мешавини.

Сите испитувања на црната троска се извршени според законски пропишаните стандарди и технички услови кои важат во Република Северна Македонија за ваков вид на работи и се дадени во соодветните делови во техничката спецификација издадена од Јавното претпријатие за државни патишта на Република Северна Македонија. Димензионирањето на коловозната конструкција е спроведена според стандардот MKS



UC4.012/81, за усвоен CBR = 8 % и средно до тешко еквивалентно сообраќајно оптоварување. Врз основа на изведените лабораториски испитувања на проби од просеана црна и бела троска, согласно стандардите кои важат во Република Северна Македонија, утврдено е дека црната троска ги задоволува сите барања од техничките услови за нејзина употреба како долен носив слој (агрегат за тампон) и како агрегат за асфалтни мешавини, додека белата троска ги задоволува сите параметри од техничките услови за нејзина употреба во бетонски мешавини, освен индексот на активност кој изнесува 32.9 %, а се бара 45 %.

Во процесот на дизајнирање беа тестирани три различни бетонски мешавини. Белата троска беше користена како замена за 10 wt. %, 15 wt. % и 20 wt. % на цемент. Исто така, беше подготвена референтна мешавина од бетон. Во дизајнот на тест мешавините беше користена троска со специфична површина од 280 m2/kg согласно законски пропишаните стандарди и технички услови кои важат во Република Северна Македонија. Бетонските мешавини беа подложени на различни тестови, со цел оценување на ефектите на троска врз механичките карактеристики на бетонот. Сите тестови беа извршени во согласност со техничките услови на Република Северна Македонија за ваков вид на работа и во согласност со стандардот EN 15167-1:2006.

Во лабораторијата на УГД Штип, како и во други европски лабораторији беа направени серија тестови на лужење со кои се докажа дека ваквите материјали се од категорија на инертни материјали и не се штетни по животната средина (Табела 1).

| Хемиски елемент | Инертни [mg/kg ss] | Неопасни [mg/kg ss] | Бела троска | Црна троска со старост 1-2 месеци [mg/kg] | Црна троска со старост 2 години [mg/kg] | Црна троска со старост 4-5 години [mg/kg] |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Арсен **(As)** | 0,5 | 2 | <0,010 | 0,16 | 0,033 | 0,019 |
| Бариум **(Ba)** | 20 | 100 | 0,85 | 0,455 | 1,8 | 0,581 |
| Кадмиум **(Cd)** | 0,04 | 3 | <0,010 | 0,045 | 0,010 | <0,010 |
| Вкупен хром **(Cr)** | 0,5 | 10 | 0,011 | 0,111 | 0,029 | 0,021 |
| Бакар **(Cu)** | 2 | 50 | <0,010 | 2,2 | 0,99 | 1,1 |
| Жива **(Hg)** | 0,01 | 0,2 | 0,0016 | <0,010 | <0,010 | <0,010 |
| Молибден **(Mo)** | 0,5 | 10 | 0,028 | 0,066 | 0,050 | 0,056 |
| Никел **(Ni)** | 0,4 | 10 | <0,01 | 0,023 | 0,016 | <0,01 |
| Олово **(Pb)** | 0,5 | 10 | <0,01 | 0,936 | 0,449 | 0,188 |
| Антимон **(Sb)** | 0,06 | 0,7 | 0,010 | 0,02 | <0,01 | <0,01 |
| Селен **(Se)** | 0,1 | 0,5 | 0,064 | <0,010 | <0,010 | <0,010 |
| Цинк **(Zn)** | 4 | 50 | <0,10 | 12,0 | 0,828 | 0,378 |
| Хлориди **(Cl-)** | 800 | 15 | 13,2 | 97,5 | 2,5 | 4,5 |
| Флуориди **(F-)** | 10 | 250 | / | / | / | / |
| Сулфати **(SO4-)** | 1000 | 20 | 1422 | 443 | 435 | 460 |

**Табела 1 Резултати од тестот на лужење на троската**

## ТРЕТМАН И МЕХАНИЧКА ОБРАБОТКА НА ТРОСКАТА

За да се постигне техничка употребливост на троската, потребно е слободните CaO и MgO да се трансформираат во стабилни хидроксиди, односно троската да созрее. Од тој аспект се препорачува истата да одстои од три до шест месеци или да се прска со вода, за да се забрза процесот на созревање пред нејзино испорачување како агрегат од троска, а со цел спречување експанзија на композитот во кој е вградена.

Исто така, троската подлегнува на механичка обработка за да се постигне потребниот гранулометриски состав. Црната троска е подложена на 100 % процес на сеење (Сл. 3), со кој се добиваат 25 % грутки (>63mm) и 75 % употреблив агрегат (0–5 mm и 5–63 mm).

Потоа се врши деметализација и дробење на 25 % грутки од црна троска. Со мешање на материјалот за постигнување на потребниот гранулометриски состав, ќе се произведува тампон (0–63 mm), додека со дополнително сеење на (500 t) црна троска во четири фракции (4–8 mm, 8–11 mm, 11–16 mm и 16–22 mm) ќе се постигне



**Сл. 3 Сеење на црна троска на сеалка/дробилка – TEREX**

потребниот гранулометриски состав за производство на асфалт, кој заедно со фракцијата (0–4 mm) од природен варовник ќе се користи за производство на асфалт од типот AB16/BNS12. Белата троска ќе биде подложена на процес на мелење и ќе се користи во бетонски мешавини за производство на бетон од типот C25/30.




**Сл. 4 Изглед на деградиран простор пред изведба на паркинг плато**

## ПИЛОТ ДЕМОНСТРАЦИИ

Во рамките на проектот *Cinderela*, се спроведуваат три пилот демонстрации во кругот на фабриката Макстил – Скопје (паркинг плато, асфалтиран пристапен пат и преградни ѕидови од бетонски блокови), кои ќе се градат претежно од секундарни суровини.

Во оваа фаза е започнато со ревитализација (санација) на деградиран простор во паркинг плато со површина од 6500 $m^2$ (Сл. 4) за што ќе биде употребен агрегат за тампон и реконструкција (санација) на пристапен пат со површина од 2150 $m^2$, за што ќе биде користен агрегат за тампон и агрегат за асфалт.

По подготовката на природното тло со помош на градежна механизација и по добиените позитивни резултати за модулот на стисливост на подлогата, се започна со следната фаза – вградување на тампон (Сл. 5). Тековно, со вградувањето на тампонот, се вршеше и контрола на модулот на стисливост преку опит со кружна плоча. При ревитализацијата на паркинг плато ќе се вградат 11 000 t црна троска (тампон), додека при реконструкцијата на пристапниот пат (Сл. 6) ќе се вградат 2100 t црна троска (тампон) и 525 t асфалт изработен на основа на 500 t агрегат од црна троска. За преградните ѕидови ќе бидат употребени монтажни бетонски блокови, изработени од бетон со додаток на околу 20 % бела троска како замена за цемент, со вкупна употреба на 15 t бела троска.




**Сл. 5 Вградување на тампон на паркинг плато**




Очекувано е проектот Cinderela да придонесе за намалување на негативните влијанија од индустријата и градежништвото врз животната средина. На тој начин ќе им помогне на градежните компании да градат циркуларни бизнис модели и да ја зголемат својата конкурентност нудејќи поодржливи услуги.



**Сл. 6 Изглед на деградиран простор за пристапен пат**

## ЗАКЛУЧОК

Реализацијата на проектот *Cinderela* и градењето на нов бизнис модел на циркуларна економија за поодржлива урбана градба кој вклучува употреба на секундарни суровини од отпад е од големо значење за општеството и нов предизвик за компаниите, пред сè поради недостаток на соодветно знаење, технологии и добри практики за да се стимулира побарувачката и потрошувачите да преземат акција.

Проектот се осврнува на овој предизвик преку проценка на различни типови отпад до создавање можности за ресурси, развој и тестирање на нови градежни материјали базирани на СРМ и нивна примена во големи демонстрациски пилот проекти, да се демонстрираат техничките, технолошките и административните можности за обработка и користење на разни неопасни материјали, како и некои други видови секундарни суровини за производство на поодржливи градежни производи.

Очекувано е проектот *Cinderela* да придонесе за намалување на негативните влијанија од индустријата и градежништвото врз животната средина. На тој начин ќе им помогне на градежните компании да градат циркуларни бизнис модели и да ја зголемат својата конкурентност нудејќи поодржливи услуги. Притоа, позитивното влијание врз животната средина ќе стане реалност преку понудата на проверени решенија за намалено користење на примарни суровини и реупотреба на отпадот и секундарните индустриски суровини како материјал со нова вредност.

На овој начин уште еднаш ја потврдуваме нашата грижа за поздрава и почиста животна средина, заштеда на природните ресурси, зголемување на довербата и конкурентноста на иновативните производи базирани на СРМ, а со тоа приближувајќи се до главната цел „Нула отпад“.



LIVE
Керамички површини
Анти бактериски
Анти вирусни
Против загадување
Само чистечки
Против мириси
ОВОЈ
ЅИД ГИ
ОСЛОБОДУВА
info: www.active-ceramics.com
SURFACES
ACTIVE™
design for a better life
Поддржано од
FIANDRE®
ARCHITECTURAL SURFACES
Italex
inženering

# ДИГИТАЛНО ЛИДЕРСТВО ЗНАЧИ ОДГОВОРНОСТ И СПОДЕЛУВАЊЕ ЗА РАЗВОЈОТ НА СЕКТОРОТ

## *Schneider Electric* обезбедува бесплатен софтвер *EcoStruxure Power Design*

Забрзаниот развој на дигитализација на зградите, деловните процеси и домовите става нов фокус на концептот на лидерство во секој сектор, како и на етиката на лидерот. Оние кои водат во иновации, предвидуваат и остануваат пред трендовите, веќе не можат да го задржат водството „за себе". Напротив, според новата деловна етика, од нив секогаш се очекува да ги споделат своите достигнувања и знаења.

Охрабрувачки и значаен пример за градежниот сектор во оваа насока за целиот регион на Југоисточна Европа е бесплатниот софтвер *EcoStruxure Power Design*, развиен од лидерот во дигиталната трансформација на управување со енергија и автоматизација – *Schneider Electric*.

Софтверот е специјално дизајниран за електрични дизајнери. Нуди лесно, брзо и безбедно цртање и димензионирање на LV и MV електричните системи, и индивидуално, и како целина во рамките на проектот. Новото решение овозможува дефинирање на различни режими на напојување, правење резервна копија на товарите со дизел генератор и UPS-от. Тоа ви овозможува да извезувате еднолиниски дијаграми во формат *DWG* и компјутерскиот дел во *PDF* и *Word*. Новиот софтвер *EcoStruxure Power Design* нуди пресметки во реално време, ажурирана база на податоци и автоматско ажурирање, заштедува време и ја поедноставува работата на електричниот дизајнер.

„Денес, повеќе од кога било, ни треба поврзување – онлајн и од далечина, IoT и паметни технолошки решенија", рече Радослав Кошков, регионален менаџер на Шнајдер Електрик за Бугарија, Албанија, Северна Македонија и Косово. „Задоволни сме што преку високо-технолошките решенија што ги нудиме, автоматизацијата и можноста за далечински пристап до сите потребни ресурси и системи, нашите клиенти, партнери и ние успеавме и продолжуваме да се приспособуваме многу брзо на динамично менување на социјалното и економското опкружување. Ние веруваме дека обезбедувањето иновативни и бесплатни дигитални алатки е многу добра практика и ќе продолжиме во оваа насока", рече тој.

Покрај обезбедувањето на *EcoStruxure Power Design* бесплатно, *Schneider Electric* обезбедува и бесплатна обука за професионалци за максимално искористување на функционалноста на апликацијата. Бидејќи е достапен (скоро 9 месеци), софтверот е преземен скоро 1300-пати само во Југоисточна Европа. *Schneider Electric* обезбеди обука за многу дизајнери – 130 од нив

во Бугарија и уште 70 во Албанија, Северна Македонија и Косово, уште многу други во останатите земји од ЈИЕ.

*EcoStruxure Power Design* се базира на сопствената IoT платформа на *Schneider Electric* – *EcoStruxure*. Тоа ви овозможува да поврзете уреди во различни архитектури според обемот на секој објект, да управувате и да собирате податоци, како и да работите со алатки за превентивно и предвидливо одржување.

Life Is On | Schneider Electric



# EcoStruxure Power Design

## Софтвер за проектирање на електрични инсталации

EcoStruxure Power Design е софтвер кој е лесен за употреба, наменет за дизајнирање на нисконапонски електрични инсталации. Овозможува брз избор на опрема за дистрибуција и заштита на електричната енергија и пресметување на пресеците на кабелот, како и пресметка и избор на опрема за компензација на реактивната моќност, запазување на селективноста и каскадирање.




Со EcoStruxure Power Design го оптимизирате проектирањето на електричните инсталации, ги пресметувате и димензионирате одделните компоненти во целосна согласност со тековните стандарди и норми.

EcoStruxure Power Design е наследник на софтверот Ecodial и е дел од опсегот на софтвери Customer Lifecycle на Schneider Electric.

### Карактеристики и предности:

- Брзо прекалкулирање во реално време – сите промени и нивното влијание врз системот се анализираат постојано. Ова обезбедува ненадмината оптимизација и ефективност при преземање на решенијата;
- Генерирање детални извештаи во електронски формат со избраната опрема и пресметки кои ја олеснуваат работата и ја минимизираат веројатноста за грешка.
- Проектирањето со EcoStruxure Power Design обезбедува целосна усогласеност со стандардите и нормите кои се на сила во Македонија, со што му обезбедува на проектантот сигурност, заштеда на време и намалени напори во работењето.

Софтвер за проектирање на електрични инсталации на/во:

- Трговски центри
- Јавни објекти
- Станбени објекти
- Канцелариски објекти
- Болници
- Хотели
- Банки

www.komoraoai.mk

Новата веб-страница на Комората сега е целосно прилагодена да се отвора на сите мобилни уреди.

Отсега на веб-страницата ќе можете

- да ги следите домашните и меѓународните настани;
- да ги следите настаните за континуирана професионална едукација;
- во делот Информатор да се информирате за сите побитни активности на Комората;
- овозможена е електронска апликација било за нови овластувања или за продолжување
- преглед на севкупната легислатива од инженерската област заедно со актите на Комората.

